Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 64, 13 јули 2011 година

јули 2011 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното поле фармација, специјалист од областа испитување и контрола на лекови на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област офталмологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 9

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за наставно-научното поле фармација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 17

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент/асистент за научната област информатика на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 20

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научното поле економски науки и менаџмент на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 22

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Современи инженерски материјали“ од авторите д-р Ангел Тасевски и м-р Владан Андоновиќ од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 28

**ПРИГОВОР** од кандидатот Јован Шоповски ..... 29

**ОДГОВОР** на приговор од кандидатот Јован Шоповски ..... 30

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р  А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНОТО ПОЛЕ ЕКОНОМСКИ НАУКИ И МЕНАЏМЕНТ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2602-66/3 од 18.4.2011 година, донесена на 50. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 18.4.2011 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во звање ***насловен доцент*** за наставно-научното поле ***економски науки и менаџмент*** на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник” и „Лајм“, на 4 април 2011 год. и во предвидениот рок се пријави кандидатот д-р Мичо Апостолов.

По разгледувањето на пристигнатиот материјал, врз основа на чл. 124 и 125 од Законот за високото образование и чл. 6, 36, 37 и 38 од Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатот, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логитика да му го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот д-р Мичо Апостолов е роден на 28 јуни 1982 година во Скопје. По завршувањето на основното и средното образование во Скопје, се запишува на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”, каде дипломира во 2005 година.

Во учебната 2005/2006 година добива престижна стипендија од College of Europe/ Collège d'Europe, Bruges/Natolin 2005/2006 Scholar (Ludwig Van Beethoven Promotion) и се запишува на постдипломски студии на најстариот и светски најдобриот институт за европски студии, College of Europe/Collège d'Europe, Bruges/Natolin, на насоката Внатрешен пазар (Single Market/Marché Intérieur). Во 2006 година ја одбранува магистерската теза со наслов *«Competition Policy on both sides of the Atlantic. Analyses of mergers that were accepted (or refused) in the EC but not in the US”* – ***„Политика на конкуренција на двете страни на Атлантикот. Анализа на спојувањата кои беа прифатени (или одбиени) во ЕК, но не и од САД”*** под менторство на проф. д-р Béatrice Dumont (Université Paris 1 Panthéon-Sorbonne/Université de Rennes 1) и се стекнува со академски степен **магистер на науки по европски студии – внатрешен пазар**.

Во 2007 година добива престижна стипендија од Владата на Италија (Governo Italiano-Borsa di Studio per Dottorato di Ricerca) и се запишува на докторски студии на најугледното супериорно школо за универзитетски и докторски студии во Италија, Scuola Superiore Sant'Anna di Studi Universitari e di Perfezionamento (Normale), Pisa, Italy.

Во јули 2008 година е на краток истражувачки период на Barcelona Graduate School of Economics (GSE) организиран од Universitat Pompeu Fabra, Universitat Autònoma de Barcelona, CSIC & CREI и се стекнува со Certificate in Microeconometrics - Causal Inference and Program Evaluation по завршувањето на курсот од проф. д-р Guido Imbens, Harvard University, Department of Economics.

Во учебната 2009/2010 година е поканет како VSPA (Visiting Scholar and Postdoc Affairs) на светски познатиот University of California, Berkeley - Haas School of Business, California, USA каде работи и публикува под менторство на  проф. д-р David I. Levine (Chair of Economic Analysis and Policy Group).

Во 2011 година на Scuola Superiore Sant'Anna (Normale) - Istituto di Management, Pisa, Italy, ја одбранува докторската дисертација на тема *„Management of the international*

*competitiveness of firms, national and regional systems: Analysis of corporate governance and enterprise restructuring in Southeast Europe”* – ***„Менаџмент на меѓународната конкурентност на фирмите, националните и регионалните системи. Анализа на корпоративното управување и реструктуирање на претпријатијата во Југоисточна Европа”*** под менторство на проф. д-р Nicola Bellini (директор на MAIN Laboratory - Management & Innovazione; директор на IRPET - Istituto Regionale per la Programmazione Economica della Toscana) и се стекнува со научен степен **доктор по економски науки и менаџмент.**

Работно искуство стекнува на многубројни проекти, домашни и меѓународни.

***Учесник во проекти:***

1. Во текот на 2004/2005 година е **дел од проекти** на World Bank Institute-Corporate Governance Group, каде што се здобива со четири светски признати сертификати во областа на корпоративното управување.
2. Во ноември 2006 година е вработен во Владата на Република Македонија во Секретаријатот за европски прашања на преговори за членство на Македонија во Европската унија, а исто така е назначен за да ги води поглавјата 15 енергија и 29 царинска унија од acquis communautaire на Европската унија. Од 2007 година е **консултант и член** на Центарот за економска анализа (ЦЕА) **проект** на Американската агенција за меѓународен развој (УСАИД) за одржлив тинк-тенк.
3. Од 2008 година е вработен како истражувач во MAIN Laboratory (Management & Innovazione) на Istituto di Management при Scuola Superiore Sant'Anna (Normale), Pisa, Italy. Исто така во 2008 година е избран за академски член на European Corporate Governance Institute (ECGI) и на Euro Area Business Cycle Network (EABCN). 2009/2010 година е **дел од истражувачкиот тим** на Haas School of Business на University of California, Berkeley каде работи на истражување и публикации во областа на корпоративното управување.

Има студирано на англиски, француски и италијански јазик, со што одлично ги познава овие јазици. Исто така, има солидни познавања на дел од балканските јазици, како и базични сознанија од германскиот јазик.

***Сертификати од World Bank Institute-Corporate Governance Group***

– “Corporate Responsibility in Asia & the Pacific”
  18.4.2005 – 1.5.2005
– “Responsible Challenges for the Oil/ Gas Sector - CR Framework”
  1.3.2005 – 16.4.2005
– “How CR Contributes Towards the Competitiveness of Europe in a More Sustainable World”
  20.9.2004 – 15.10.2004
– “Defining Roles for Youth and the Next Generation of Leaders”
  9.2.2004 – 27.2.2004

***Професионален тренинг***

1. ***Професионални конференции и семинари***

– Октомври 2007 г.: International Monetary Fund (IMF), Vienna, Austria (at Joint Vienna Institute in cooperation with the Stability Pact for South Eastern Europe): Seminar on Macroeconomic Policy.
– Септември 2007г.: European Parliament, EPP-ED Group, 10 rue du commerce, Brussels: Seminar on European Political Economy.
– Април 2006 г.: EMU and the new Member States - Sussex European Institute.
– Март 2006 г.: Corporate Responsibility - Baker & McKenzie.
– Февриари 2006 г.: The Bolkestein case – Bruegel, Brussels.
– Мај 2005 г.: WUS Austria, Vienna & Sarajevo Graduate School of Business.
– Јануари 2005 г.: Academic Training Association – Netherlands.

2. ***Владини тела***
   2006/2007 г.: Комитети и поткомитети: Европска комисија – Македонија.
- Ко-организатор на Поткомитетот за транспорт, екологија, енергетика и регионален развој.
- Ко-организатор на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување.

3. ***Case Study Trips***
- Study trip to Brussels (European Commission, European Parliament, European Council and NATO headquarters) 5. III – 20. III 2006.
- Study Trip to Ukraine (Specific focus on the country's 2004 Orange Revolution) 23 X – 29 X 2005.

4. ***Награди и признанија***
- Scuola Superiore Sant'Anna,Pisa, Italy
  2008-2011 PhD Scholar i.e. Italian Government Non-EU Doctoral Scholarship.
- College of Europe ( King Baudouin Fondation)  2005-2006 Scholar
  College of Europe, Bruges/Natolin, Belgium / Poland.
- IFC - World Bank Group (SEED) & WUS Austria (World University Service) Scholar.
  Balkan Case Challenge 2004/2005.

5. ***Членство во меѓународни организации и асоцијации***
- Academic Member of Euro Area Business Cycle Network (EABCN).
- Academic Member of European Corporate Governance Institute (ECGI).
- University of California, Berkeley: Haas School of Business – Alumni.
- Anciens du Collège d'Europe, Brugge.
- Alumni of the World Bank Institute.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Добиените теоретски сознанија д-р Мичо Апостолов ги применува во научноистражувачка дејност, при што е автор/коавтор на научни и стручни трудови објавени во специјализирани списанија, а добиените резултати ги прикажува пред меѓународната и домашната јавност на повеќе научни конференции и стручни собири одржани во земјава и во странство.

Поширокиот интерес на кандидатот е од областа на менаџментот, економските науки и европската економија, додека потесниот научен интерес ги покрива областите на корпоративно управување, реструктурирање на компании и бордови на директори, како и европскиот внатрешен пазар.

Во текот на својата професионална работна кариера д-р Мичо Апостолов има покажано завиден интерес за научна и стручна работа. Тоа јасно се гледа од материјалите доставени до Комисијата, презентирани преку список на награди, признанија, сертификати, вклученост во проекти и список на објавени трудови.

***Публикации и истражување***

***Книги:***
- "Competition Policy on both sides of the Atlantic" Analyses of mergers that were accepted (o**r refused) in the EC but not in the US"**
  LAP - LAMBERT Academic Publishing, 2010: (ISBN 978-3-8383-4109-5).

***Делови од книги:***
- Chapter 8-Competition Policy and Market Regulation 'M1069 WORLDCOM/MCI" in **"Telecommunications: Regulatory Concerns"**

Amicus™ Books - Institute of Chartered Financial Analysts of India (ICFAI) University Press, India, 2010 (pp. 163-179): (ISBN: 978-81-314-2296-0).

***Трудови, working papers, конференции и други публикации***

I. ***Научни трудови во меѓународни и домашни зборници:***

1. Apostolov, M. 2011. Corporate Governance in Macedonia - Micro and Macro Analysis. ***Risk Governance and Control - Financial Markets and Institutions***, 1(1): 124-134. [ISSN 2077-4303].
2. Apostolov, M. 2011. Governance and Enterprise Restructuring in Southeast Europe – gross domestic product and foreign direct investments. ***Corporate Governance: The International Journal of Business in Society,*** 11(3). (forthcoming) [ISSN: 1472-0701].
3. Apostolov, M. 2010. Governance and Enterprise Restructuring in Southeast Europe. ***London School of Economics and Political Science Symposium, 2010***. (LSE, UCL and Goldsmiths). Published at London School of Economics and Political Science (LSE), London, UK.

Apostolov, M. 2010. Governance and Enterprise Restructuring - the case of Macedonia. ***Transition Studies Review (submitted*** *i.e. in review)* [ISSN: 1614-4007].

Apostolov, M. 2010. Attributes to corporate governance and enterprise restructuring in the Macedonian economy. ***CEA Journal of Economics***, 5(2): 5-17. [ISSN 1857-5269].

Мичо Апостолов, 2008 „Оптимални валутни области и асиметрични шокови" стр. 22-29, во **ГЛОБАЛ** (2 издание), јануари 2008, ОХРИД Институт - Институт за економски стратегии и меѓународни односи, Скопје, Македонија [ISSN 1857-5633].

II. ***Конференции:***

1. BASEES Annual Conference 2011, University of Cambridge, UK (Fellowship awarded by BASEES).
2. Joint PhD Symposium on South East Europe (LSE, UCL and Goldsmiths) at LSE: London School of Economics and Political Science, London, UK.
3. Conferences at Univerity of California, Berkeley – Haas School of Business 2009/2010.
4. 2nd International Conference on Economies of Central and Eastern Europe: Convergence, Opportunities and Challenges organised by the Society for the Study of Emerging Markets (USA) at Tallinn School of Economics and Business Administration - Tallinn University of Technology, Tallinn, Estonia.
5. Economic trends, social trajectories and policies of identities in post communist capitalism", EBRD / ETUI / EurActiv Conference in Bratislava, Slovakia.

III. ***Публикации во архиви (Working Papers):***

1. Mico Apostolov, Matthieu Delescluse, Michal Spychalski, 2008. "***The EU trade policy is an important contribution to overcome slow economic growth in the EU countries. Challenge this point of view***", MPRA Paper No. 7186, University Library of Munich, Germany. available at IDEAS; EconPapers; SSRN; College of Europe.
2. Mico, Apostolov, 2007. (together with Marjan Nikolov and Aleksandar Stojkov) ***"The New Face Of The IMF"***, MPRA Paper 6545, University Library of Munich, Germany. also available at IDEAS; EconPapers; SSRN; CEA/USAID.
3. Mico, Apostolov, 2006. "***Les Quatre Libertés Dans L'Union Européenne - Droit Du Marché Intérieur,»***, MPRA Paper 6537, University Library of Munich, Germany. also available at IDEAS; EconPapers; SSRN; College of Europe.
4. Mico, Apostolov, 2006. "***Macédoine et Grèce: Est-ce-que l'Union Européenne est sans réponse dans la dispute autour du nom ?,»***
5. MPRA Paper 6536, University Library of Munich, Germany. also available at IDEAS; EconPapers; SSRN; College of Europe.
6. Apostolov, Mico, 2006. "***Optimum currency areas and asymmetric shocks"*** MPRA Paper 6521, University Library of Munich, Germany. also available at IDEAS; EconPapers; SSRN; College of Europe.
7. Mico, Apostolov, 2006. "***The Macedonian Question – changes in content over time***," MPRA Paper 6568, University Library of Munich, Germany. also available at IDEAS; EconPapers; SSRN; College of Europe.

8. Mico, Apostolov, 2006. ***"M1069: Worldcom/MCI,"*** MPRA Paper 6535, University Library of Munich, Germany. also available at IDEAS; EconPapers; SSRN; College of Europe.
9. Mico, Apostolov, 2005. "***The monetary policy of the European Central Bank is too conservative. Discussion***." MPRA Paper 6543, University Library of Munich, Germany. also available at IDEAS; EconPapers; SSRN; College of Europe.
10. Mico, Apostolov, 2005. ***"Crisis? What Crisis?: To what extent does the outcome of the French and Dutch referenda of May/June 2005 represent a crisis for the EU?,"*** MPRA Paper 6567, University Library of Munich, Germany. also available at IDEAS; EconPapers; SSRN; College of Europe.
11. Mico, Apostolov, 2005. ***"Catching up with the EU - the economic case of Macedonia,"*** MPRA Paper 6542, University Library of Munich, Germany. also available at IDEAS; EconPapers; SSRN; College of Europe.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот д-р Мичо Апостолов ги исполнува сите суштински и законски критериуми, како и критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, за да биде избран за наставник на Факултетот за туризам и бизнис логистика на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Кандидатот има соодветно образование, објавил многубројни трудови, добил признанија и награди, членува во меѓународни организации и асоцијации, преку кои се афирмирал во земјава и во странство.

Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да го избере **д-р Мичо Апостолов во звање насловен доцент по наставно-научното поле економски науки и менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Трајко Мицески – претседател, с.р.**
**Д-р Билјана Петревска – член, с.р.**
**Д-р Никола Димитров – член, с.р.**